Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 12.04.2021

На 11.04.2021 во 14.30 часот на подрачјето на Карпош од слобода бил лишен М.Т.(20) од Скопје, затоа што при преглед кај него биле пронајдени марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.04.2021 во 17.30 часот на Граничен премин Блаце, при влез во Република Северна Македонија, од слобода е лишен Ф.Р.(38) од Скопје, бидејќи при извршена проверка кај него се пронајдени марихуана, амфетамини, како и шприц со масло од канабис. Лицето е предадено во Полициска станица Гази Баба за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот, против Ф.Р. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.04.2021 во 10.50 часот на Граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници ги приведе В.Е.(21) од Косово и Г.Р.(25) од Црна Гора, бидејќи било констатирано дека имале пречекорен престој во државата. Лицата се задржани и предадени на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал, миграции, странци и readmisija за понатамошна постапка.

На 10.04.2021 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контрола биле констатирани 92 прекршоци, од кои 38 на подрачјето на Штип, 16 во Кочани, 5 во Пробиштип, 6 во Винница, 5 во Делчево, 8 во Берово и 14 во Свети Николе. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 13 прекршоци за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирани возила, 2 за некорректење сигурносен појас и 2 за непрописно паркирање.

На 11.04.2021 на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола на мотоцикли, во која вкупно биле откриени и санкционирани 29 прекршоци (ТЕ-18 и ГВ-11). Најголемиот број од прекршоците се однесувале на управување без возачки дозволи и некористење на заштитни шлемови, а откриени се и мотоциклисти со истечена регистрација или осигурителна полиса на мотоциклите. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 11.04.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за прекршоците што ги прават возачите на мотоцикли во сообраќајот. Притоа, преземени се вкупно 49 мерки, а 20 возачи на мотоцикли се исклучени од сообраќај.

На 11.04.2021 СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 55 мерки, меѓу кои 25 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 26 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило и 3 за некористење сигурносен појас. Преземени се и 28 мерки за прекршоци сторени од страна на возачи на мотоцикли.

Изминатиот викенд (9/10 април) на поширокото полошко подрачје биле спроведени две акциски контроли за брзина со која се движат возилата надвор од населено место, а во кои вкупно биле откриени и законски санкционирани вкупно 312 возачи. Најголемиот број од казните за пречекорување дозволената брзина на автопатот Гостивар-Тетово-Скопје и на магистралниот пат Гостивар-Кичево.

На 11.04.2021 во 13.00 часот на пат во с.Градец, на место викано „Мизовски ливади", во непосредна близина на Стара база во Крива Паланка, мотоцикл „хонда", без регистарски ознаки, управуван од Т.И.(27) од Крива Паланка, изгубил контрола и паднал на патот. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Здравствен дом Куманово. За незгодата бил запознаен Јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа од Полициска станица Крива Паланка.

На 11.04.2021 на подрачјето на СВР Струмица била спроведена акциска контрола над возачи на мотоцикли. Притоа биле констатирани 56 прекршоци, од кои 20 по акциската контрола и 36 останати прекршоци, кои биле соодветно санкционирани.

На 11.04.2021 во 19.45 часот во кружен тек од ул.„Маршал Тито" со ул. „Крушевска Република" во Струмица, мотоцикл „фости", без регистарски ознаки, управуван од Г.П.(40) од Струмица, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата се тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Струмица.

На 11.04.2021 во периодот од 15.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Велес била спроведена акциска контрола на мотоцикли, при што биле регистрирани 24 прекршоци, од кои девет во Велес, девет во Кавадарци и шест во Неготино, кои се санкционирани со соодветни пријави.

На 11.04.2021 околу 17.20 часот на регионалниот пат Стари Град – Богомила, на влез на с.Согле, општина Чашка, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „рено меган", со велешки регистарски ознаки, управувано од Б.Т.(26) од с.Согле и патничко возило „опел астра", со велешки регистарски ознаки, управувано од Н.П.(38) од Велес. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот С.П(79) од Велес, констатирани во Општата болница Велес. Додека, двајата возачи и уште двајца сопатници се здобиле со телесни повреди, констатирани во болницата во Велес. За настанот е известен Јавен обвинител, а увид на местото на незгодата извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 11.04.2021 во 12.50 часот во Полициската станица Кисела Вода, А.Ф.(34) од Скопје пријавил дека на ул.„Димо Хаџи Димов" во Скопје неговото малолетно дете било каснато од куче скитник.

На 12.04.2021 на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за престигнување, во која вкупно биле откриени и санкционирани 72 прекршоци (ТЕ-42 и ГВ-30). Покрај ова, во контролата биле констатирани и заокружени со поднесоци и 13 други видови прекршоци (ТЕ-10 и ГВ-3).

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Љ.Ѓ.(43) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 02.04.2021 на наплатна рампа Миладиновци, полициски службеници запреле патничко возило во кое пронајдениот бил сопатник и при преглед кај него бил пронајден и одземен хероин.

На 11.04.2021 во с.Могила, полициски службеници од Полициската станица Битола го лишиле од слобода С.Е.(77) од Могила, затоа што со пиштол се заканувал на неколку лица од селото. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена пријава по член 133 од Кривичниот законик.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против М.М.(22) од Богданци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 15.10.2020, полициски службеници извршиле претрес на дом и помошни простории на приајвениот во Богданци, при што пронашле и одземе марихуана, семки од растението канабис и тетрахидроканабинол.

На 11.04.2021 во 06.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во барака на ул.„Иван Манолев", сопственост на Н.П.(37). Во пожарот целосно изгорела баракта, а повредени лица нема. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид бил извршен.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.С.(26) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење, трговување и посредување со оружје или распрскувачки материи". На 07.04.2021, полициски службеници од СВР Скопје извршиле претрес на дом и други простори кај приајвениот, при што пронашле и одзеле револвер и куршум.
На 11.04.2021 околу 21.00 часот во Полициското одделение Сарај, Ф.И. од с.Сарај пријавил дека С.И. влегол во неговиот двор и ги скршил камерите од видео надзорот. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.04.2021 во 09.44 часот во СВР Скопје било пријавено дека во викенд куќа во с.Раштак, скопско, била пронајдена почината В.Л.(71). Смрт без траги на насилство констатирал лекар од Итна медицинска помош, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено на обдукција.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.Р.(40) од с.Оровник, општина Добарца, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување пари". Приајвениот набавил фалсификувана банкнота од 100 евра и на 31.10.2020 ја пуштил во оптек како вистинска во казино во Куманово, разменувајќи ја кај вработената на каса во денари. Откако вработената се посомневала дека банкнотата не е вистинска ја проверила во најблиската менувачница каде ѝ било потврдено нејзиното сомневање.

На 11.04.2021 околу 21.50 часот во Полициската станица Центар од слобода бил лишен А.Б.(28) од Скопје, поради основано сомнение дека сторил кривично дело „тешка кражба". Притоа тој агресивно се однесувал, со рака го скршил прозорецот во просторијата за задржување и се здобил со повреди, а лекарска помош му била укажана во Градска општа болница „Св.Наум Охридски". По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.04.2021 во 09.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска облоукавница на ул.„Козле" едно лице со закана кон вработениот одзел пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против А.С.(43) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 29.03.2021 во Радовиш, во кругот на Територијалната противпожарна единица Радовиш, приајвениот со остар предмет упатил закани кон повеќе вработени, кои биле на своите работни места.

На 11.04.2021 во 20.40 часот во Полициската станица Кочани, М.И.(43) од Кочани пријавила дека во место викано „Трајаново трло" во Кочани, пред нејзината куќа, поголема група на граѓани физички ги нападнале нејзините родители и соседи. Од страна на полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Кочани известен е Јавен обвинител и извршен е увид на местото на настанот. По добиени насоки од Јавен обвинител се преземаат мерки за идентификација и повикување на разговор на сите учесници во настанот. Се работи на целосно комплетирање и документирање на случајот по што против учесниците во физичката пресметка ќе биде поднесена соодветна пријава.

Одделението за прекуграничен криминал и миграции Скопје поднесе кривична пријава против Џ.А.(35), ШМ(47), државјани на Косово и О.Х.(47) државјанин на Турција, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Приајвените, на 04.04.2021 на Граничен премин Меѓународен аеродром Скопје приложиле фалсификувани негативни ПЦР тестови.

СВР Велес, СВР Штип и СВР Струмица поднесоа кривични пријави против Г.М.(59) од Неготино, Т.Ј.(38) и М.Ѓ.Ј.(32) од село Ваташа, кавадаречко, Д.К.(53) од село Дворište, беровско, В.К.(48) од село Просениково, струмичко, Ј.М.(34), М.Д.(25) двајата од Радовиш, А.А.(22) од Винница, Љ.В.(38), Ж.Р.(38), А.Г.(27), тројата од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Приајвените, во периодот од 14.03. до 06.04.2021 се движеле без дозвола за движење за време на ограничувањата дадени од страна на Владата на Република Северна Македонија за забрана за движење на возила и лица во периодот од 22.00 до 05.00 часот.

На 11.04.2021 во 10.12 часот во СВР Скопје било пријавено дека на пазарот во скопската населба Чаир има починато лице. Полициски службеници излегле на местото и било утврдено дека станува збор за Љ.К.(63) од Скопје. Екипа од Итна медицинска помош констатирала смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото било дадено на обдукција.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.Ј.(40) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Приајвениот, на 27.02.2021 во изнајмен угостителски објект на Пониква -Осогово организирал прослава на која поканил и присуствувале околу дваесетина лица.

Сајт изработен од веб страницата на МВР е казнен по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Даниел Мерчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет